РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 08-29

Скопје 25.03.2020г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски и Предлогот Уп1 бр.08-29 од 24.03.2020 година, на овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-1291/8 од 25.03.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 25.03.2020 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, со Предлог Уп1.бр.08-29 од 24.01.2020 година.

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) на 20.12.2019 година, од страна на Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, беше испратено Барање за одземање на дозволата на имателот ТРД ЈОН Радио, бр.0302-253/1 од 19.12.2019 година (наш Уп1 бр.08-553 од 20.12.2019 година). Во доставениот допис подносителот на барањето наведе дека „имателот на дозволата Трговско Радиодифузно друштво ЈОН Радио, не ги исполнил техничките услови што ги понудил во постапката за доделување на дозвола за кои дал Изјава со ознака бр.8 и 9. Во прилог на доставениот допис - Барање (наш Уп1 бр.08-553 од 20.12.2019 година) барателот како доказ достави Допис – Одговор на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.1707-3081/2 од 04.12.2019 година од Агенцијата за електронски комуникации (АЕК). Имено, АЕК постапувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено на 06.11.2019 година од страна на ДТУМИ ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, во доставениот Одговор на Барање бр.1707-3081/2 од 04.12.2019 година на барателот му ги доставила податоците за издадени одобренија за користење на фреквенции од

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

радиодифузната и фиксна служба, при што му одговорила дека од извршените мерења на активностите на фреквенциите кои носат радио сигнал било констатирано дека само од локацијата Водно врв бил емитуван радио сигнал.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 27.12.2019 година до АЕК испрати Допис - Барање информација наш Уп1 бр.08-553, со цел доставување на податоци за обезбедување на покриеност со сигнал од страна на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, согласно издадената Дозвола за радио емитување, бр.08-234 од 30.04.2019 година, дали ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга согласно член 62 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има обезбедено покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Северна Македонија.

Од страна на АЕК, на 20.01.2020 година до АВМУ доставено е Известување во однос на покриеност со сигнал на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга бр.0805-52/2 од 16.01.2020 година (наш Уп1 бр.08-553 од 20.01.2020 година), дека во периодот од 02.01.2020 година до 15.01.2020 година се мониторирани радиофреквенциите во радиодифузната служба на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, согласно издадените одобренија за користење на радиофревенции и врз основа на спроведените мерења, констатирано било дека ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга ја користи единствено доделената радиофреквенција 96.0 MHz од предавателна локација Водно Врв, додека сите останати доделени радиофреквенции на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга согласно издадените одобренија за користење на радиофреквенции не се активни. Исто така, во Дописот АЕК извести дека врз основа на резултатите од мерењата на сигналот и извршената пресметка, било констатирано дека ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга на 15.01.2020 година, имал само еден активен предавател на локација Водно врв при што немал обезбедено покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Северна Македонија.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи во периодот од 20.12.2019 година до 20.01.2020 година, изврши вонреден, по службена должност административен надзор на работењето на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, при што во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-334/1 од 23.01.2020 година, констатираше дека наведениот радиодифузер не ги исполнува условите од член 62 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, односно дека ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга не обезбедил покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Северна Македонија, со предлог мерка - имајќи го предвид констатираното прекршување на погорецитираните Закон и Правилник, согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон, да се покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга.

Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Советот на Агенцијата достави Предлог за покренување на постапка за одземање на Дозволата за радио емитување на државно ниво на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга,Уп1.бр.08-29 од 24.01.2020 година.

Советот на Агенцијата на 4-та седница одржана на 24.01.2020 година, со Заклучок, арх.бр.02-320/2 од 24.01.2020 година, го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, поради прекршување на член 62 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, утврдувајќи во истиот Заклучок дека согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор, вонреден по

службена должност, арх.бр.03-334/1 од 23.01.2020 година, радиодифузерот не обезбедува покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението на РСМ.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата испрати Известување до наведениот радиодифузер Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година, дека доколку не биде усогласено неговото работење со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и доколку истиот не обезбеди покриеност во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери. Известувањето Уп1 бр. 08-29 од 24.01.2020 година, од страна на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга беше уредно примено по пошта на 25.01.2020 година и истото беше испратено и во електронска форма на електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и на електронската адреса на радиодифузерот евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата.

АВМУ, со цел да обезбеди информација базирана на мерења и пресметки дали ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга обезбедува покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во РСМ, на 04.02.2020 година до АЕК достави Барање информација (наш Уп1 бр.08-29 од 04.02.2020 година).

Со оглед дека до денот на одржувањето на 7-та седница на Советот на Агенцијата (07.02.2020 година), АЕК до АВМУ не ја достави бараната информација, Директорот на Агенцијата до Советот на Агенцијата достави Предлог (наш Уп1 бр.08-29 од 06.02.2020 година) да се прекине покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга бр.08-234 од 30.04.2019 година, до денот на добивање информација базирана на мерења и пресметки дали е обезбедена покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во РСМ од АЕК, согласно член 95 став 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15). Во членот 95 став 1 од Законот за општата управна постапка пропишано е дека ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган, јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката.

Советот на Агенцијата на 7-та седница на Советот одржана на 07.02.2020 година), согласно Заклучокот арх.бр.02-510/2 од 07.02.2020 година, ја прекина покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, бр.08-234 од 30.04.2019 година, за што странките - ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга и ДТУМИ ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, беа известени со дописи (Известување до ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга Уп1 бр.08-29 од 07.02.2020 година - кое беше уредно примено на 10.02.2020 година и Известување до ДТУМИ ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип Уп1 бр.08-29 од 07.02.2020 година - кое беше уредно примено на 08.02.2020 година).

Во меѓувреме, на 10.02.2020 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга, беше доставено

Известување (наш арх.бр.03-537/1 од 10.02.2020 година), дека „од 10.02.2020 година во 8 часот, привремено ќе прекине со емитување на радио програма...поради модернизација на постоечката предавателна мрежа и инсталација на нова посовремена студиска опрема", известувајќи дека „предвидените технички работи ќе бидат изведени во најкус можен рок, во рамките на предвидените законски норми", како и дека за повторното започнување со емитување на програма писмено ќе ја извести Агенцијата.

Во текот на постапката, ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга на 18.02.2020 година до АВМУ, во прилог кон документација во врска со предвремените парламентарни избори во РСМ во 2020 година, достави Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија со број 0805-50/155020200006544, согласно која променет е називот на радиодифузерот, и истиот гласи: Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга.

На 28.02.2020 година, АЕК до АВМУ достави Известување во однос на покриеност со сигнал на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга бр.0805-629/2 од 24.02.2020 година (наш Уп1 бр.08-29 од 28.02.2020 година), дека во изминатиот период заклучно со 20.02.2020 година биле мониторирани радиофреквенциите во радиодифузната служба на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга согласно издадените одобренија за користење на радиофреквенции и дека врз основа на спроведените мерења, било констатирано дека ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга не емитувало програма. Единствено на радиофреквенциите доделени за покривање на Скопје 96.0 MHz (Врв Водно) и Тетово 90.0 MHz (Тетово кале) било констатирано дека се емитувало само носител без модулација, додека сите останати доделени радиофреквенции на Радио Јон, согласно издадените одобренија за користење на радиофреквенции не биле активни. Воедно, со дописот АЕК ја извести АВМУ дека на 11.02.2020 година ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга и до АЕК доставил известување за привремен прекин на програмата со цел модернизација на постоечката предавателна мрежа и инсталација на посовремена студиска опрема, како и дека за повторно започнување на емитување на програма ќе доставел дополнително известување. Наведеното Известување од АЕК во однос на покриеност со сигнал на ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга беше разгледано од страна на членовите на Советот на 11-та седница на Советот одржана на 28.02.2020 година. На 02.03.2020 година од страна на Секторот за информатичка поддршка и општи работи до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и членовите на Советот на Агенцијата беше доставена Информација во врска со известувањето од АЕК бр.08-29 од 28.02.2020 година (Уп1.бр.08-29 од 02.03.2020 година), во која беше наведено дека „во дописот од АЕК бр.08-29 од 28.02.2020 не се содржани податоци кои се однесуваат на покриеност со сигнал од страна на ТРД Јон-Радио ДООЕЛ Струга на најмалку 80% од населението во Република Северна Македонија.". На 03.03.2020 година, ТРД ЈОН-РАДИО ДООЕЛ Струга до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Известување Уп1.бр.08-29 од 03.03.2020 година, дека „ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, од 03.03.2020 година во 00 часот ќе продолжи со редовно емитување на својата радио програма". Во цитираното Известување наведениот радиодифузер ја извести АВМУ дека „во изминатиот период додека траеше прекинот, ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга инсталираше најсовремена студиска опрема и ја модернизираше својата предавателна мрежа", при што од негова страна беа наведени локациите и населението на кои во моментов е достапна програмата на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Податоците, како што беше наведено во Известувањето "се според последниот попис во РМ од 2002-ра година, и според истиот, од вкупно 2.045.476,00 жители во државата, моментално ЈОН-РАДИО покрива 1.814.096, или речиси 89%". Исто така, наведениот радиодифузер извести дека ќе

продолжел со проширување на својата предавателна мрежа со цел да се покријат останатите населени места, како и поголемиот дел од територијата во Република Северна Македонија. Истиот ден, ДТУМИ ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип до Директорот на АВМУ, д-р Зоран Трајчевски, како и до членовите на Советот на АВМУ достави Известување со укажување бр.0302-60 од 03.03.2020 година (Уп1.бр.08-29 од 03.03.2020 година).

Информацијата од Секторот за информатичка поддршка и општи работи во врска со известувањето од АЕК бр.08-29 од 28.02.2020 година (Уп1.бр.08-29 од 02.03.2020 година), која на 02.03.2020 година беше доставена до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски и членовите на Советот на Агенцијата, беше разгледана на 12-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 03.03.2020 година, по што АВМУ на 03.03.2020 година, до АЕК испрати Допис-Барање информација Уп1 бр.08-29 од 03.03.2020 година, за најитно обезбедување на информација базирана врз нивни мерења и пресметки дали наведениот радиодифузер обезбедува покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во РСМ.

На 24.03.2020 година, Агенцијата за електронски комуникации до АВМУ достави Известување бр.0805-629/4 од 18.03.2020 година (Уп1.бр.08-29 од 24.03.2020 година) во однос на барањето информација за покриеност со сигнал на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, дека во изминатиот период, заклучно со 18.03.2020 година мониторирани биле радиофреквенциите во радиодифузната служба на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга согласно издадените одобренија за користење на радиофревенции и врз основа на спроведените мерења, било констатирано дека ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга емитува програма од 18 (осумнаесет) предавателни локации. Исто така, АЕК извести дека сигнал не бил емитуван од предавателните локации Ѓуриште и Ѓавато, како и дека од предавателите на локациите Цареви кули и Крива Паланка се емитувал само носител без модулација. Имајќи го предвид наведениот податок, биле извршени пресметки на покриеност на населението единствено од предавателите од кои се емитува програма, а за пресметката на населението бил користен модулот наменет за радиодифузија на LS Telkom (CHIRPlus), односно моделот на радиопростирање ITU-R 1546, така што со извршените пресметки од страна на АЕК било констатирано дека ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, покривал „80.29% од населението на Македонија“.

Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 24.03.2020 година, изврши контролен, по службена должност административен надзор на работењето на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга и во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-1336/1 од 24.03.2020 година, констатираше дека „ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга го усогласил своето работење со член 62 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за подрачја на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси, односно наведеното Трговско радиодифузно друштво обезбедува покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Северна Македонија“, при што врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, даде предлог мерка – Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга. Исто така, Секторот за информатичка поддршка и општи работи на 24.03.2020 година достави Известување до Директорот на Агенцијата и овластеното лице, Уп1.бр.08-29 од 24.03.2020 година, во кое наведе дека е потребно да се запре постапката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, покрената со Предлог Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година.

Со оглед на наведеното, Овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата согласно Овластувањето ахр.бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година, до Советот на Агенцијата достави Предлог за запирање на постапката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, покрената со Предлог Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година, поради тоа што имателот на дозволата обезбедил покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Северна Македонија односно го усогласил своето работење со одредбите од член 62 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 6 од Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програмски сервиси.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-29 од 24.01.2020 година од Директорот на Агенцијата и Предлогот Уп1 бр.08-29 од 24.03.2020 година на овластеното лице од страна на Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот, бр.02-1291/8 од 25.03.2020 година, Советот на Агенцијата на 15-та седница одржана на 25.03.2020 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение странката може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
- Управителот на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга;
- ДТУМИ ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ДТУМИ ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).